**ТОДОРОВА Билјана**
**РАДУЛОВИЌ Македонка**

**УДК:** 351.941:342.7-053.2(497.7)"2016/17"

# ОМБУДСМАНОТ И ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Во трудот се прави компаративна анализа на состојбите, констатациите и препораките што ги утврдил Народниот правобранител на Република Македонија во однос на правата на детето за 2016 и 2017 година. Споредбените сознанија се однесуваат на правата на детето во семејството, на насилството врз децата, на правата на децата кои припаѓаат на ранливи и маргинализирани групи, односно деца кои се бегалци / мигранти, потоа на прашањата од областите здравствена заштита и образование на најмладиот дел од населението, како и на правата на децата со посебни потреби.

Појдовна основа на елаборацијата се уставните и законските надлежности на омбудсманот на Република Македонија и уставната и законската заштита на правата на децата во нашата земја.

Оправданоста од подготовка на ваква анализа може да се пронајде во фактот што многу често во јавноста (медиумите, социјалните мрежи, дебатите) како заштитници на правата на детето се појавуваат граѓански, невладини организации, а поретко се присутни наоди во оваа област од страна на Народниот правобранител на Република Македонија.

**Клучни зборови:** *човекови права, правна заштита, народен правобранител, мерки на омбудсманот, насилство врз деца, уставни и законски надлежности*

**TODOROVA Biljana**
**RADULOVIKJ Makedonka**

# THE OMBUDSMAN AND THE CHILDREN'S RIGHTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** In the paper, a comparative analysis of the situation, findings and recommendations established by the Ombudsman of the Republic of Macedonia regarding the children’s rights for 2016 and 2017 is made. The comparative knowledge relates to the rights of the child in the family, to the violence against the children, to the rights of the children belonging to vulnerable and marginalized groups, that is, refugee / migrant children, furthermore to issues in the areas of health care and education to the youngest part of the population, as well as the rights of children with special needs.

The starting point of the elaboration are the constitutional and legal competences of the Ombudsman of the Republic of Macedonia and the constitutional and legal protection of the rights of the children in our country.

The justification for the preparation of such analysis can be found in the fact that very often in the public (media, social networks, debates) as protectors of the rights of the child appear civil, non-governmental organizations, and rarely present are the findings in this area by The Ombudsman of the Republic of Macedonia.

**Key words**: *human rights, legal protection, ombudsman, measures of the Ombudsman, violence against children, constitutional and legal competences*

## 1. Вовед

Надлежностите на Народниот правобранител (омбудсманот) на Република Македонија во однос на заштитата на правата на детето произлегуваат од уставните одредби (член 77 од Уставот на Република Македонија, односно Амандманот XI) со кој се определува дека народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што им се повредени од органите на државната управа и од другите органи што имаат јавни овластувања.[288]

Во Уставот на Република Македонија од 1991 година, во членовите 40, 41 и 42 се определени правата на детето во рамките на семејството и општеството[289].

Член 40

Република Македонија му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството.

Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон.

Родителите имаат право и должност да се грижат за издржувањ и воспитување на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители.

Републиката им обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа.

Член 41

Право на човекот е слободно да одлучува за создавање деца.

Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика.

Член 42

Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.

Лице помладо од 15 години живот не може да биде вработено.

Малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа.

Малолетните лица не смеат д бидат вреботувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

Во Законот за заштита на децата[290] се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права утврдени со закон се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и од установите

[288] *Устав на Република Македонија со амандманите на Уставот* I-XXX, Издавач: Службен весник на Република Македонија, Скопје, 2007 година, член 77, Амандман XI

[289] *Устав на Република Македонија со амандманите на Уставот* I-XXX, Издавач: Службен весник на Република Македонија, Скопје, 2007 година, член 40, член 41, член 42

[290] *Закон за заштита на деца* (консолидиран текст)-Издавач: Службен весник на Република Македонија, бр.23/13, Скопје, 2016, член 2, член 4, член 5 и член 6.

за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.

Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата.

Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Заштита на децата се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата.

Државата го обезбедува правото на детето да го изрази сопственото мислење за сите прашања кои се однесуваат на него и на мислењето на детето да му биде посветено должно внимание во согласност со годините на живот и зрелоста на детето.

Изразувањето на детето може да биде непосредно или преку застапник или соодветен орган на начин и во согласност со утврдена процедура и закон.

Права за заштита на децата се:

- детски додаток;
- посебен додаток;
- еднократна парична помош за новороденче;
- родителски додаток за дете и
- партиципација.

Поголем обем на правата може да обезбеди општината, општината во градот Скопје и градот Скопје, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

Облици на заштита на децата се:

- згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;
- одмор и рекреација на деца и
- други облици на заштита.

Како што е познато постапка за заштита на правата пред Народниот правобранител се покренува со претставка, но и по сопствени иницијативи на омбудсманот.[291]

### 2. Компаративен преглед

Од постапувањето  на Одделението за заштита на правата на детето и лица со посебни потреби во рамките на Народниот правобранител на Република Македонија во текот на 2016 година се утврдува дека постои незначителен напредок во однос на остварување на правата на детето во семејството, установите и институциите за заштита. Како последица на оваа состојба децата се уште недоволно ги знаат своите права, не ги препознаваат механизмите за заштита, а

[291] *Закон за Народен правобранител*, Службен весник на Република Македонија, бр.60/2003, член 13.

не се ниту доволно охрабрени да пријават каква било повреда, независно дали непочитувањето или повредата на правото е во семејството, училиштето или во некоја друга институција која има обврска да се грижи за неговите права и интереси[292].

Истовремено, Народниот правобранител констатира дека детето, како во брачни, така и во вонбрачните заедници е секогаш жртва на односот на возрасните, кои поради лична одмазда и нетрпеливост го користат како инструмент, неводејќи притоа грижа за неговите чувства и неговите права. Иако за ова право најчесто се поднесени претставки од родителите кои укажуваа на повреда пред се на нивните права, а потоа на правата на детето и изразуваат незадоволство од работењето на стручните тимови, обвинувајќи ги дека работат во интерес на едниот или другиот родител, Народниот правобранител во ваквите случаи постапувал од аспект на почитување на правото на детето, со заложба за остварување на правото на детето да живее со двајцата родители и непречено да остварува контакти и средби со родителот со кого не живее постојано.

Омбудсманот во оваа година ги следел и правата на детето во областа на образованието. Од посетите на основните училишта на територијата на Република Македонија и разговорите со над 1300 ученици, како и од разговорите со учениците кои го посетиле Народниот правобранител неспорно произлегува дека има состојби кои може да се подведат под поимот насилство над детето од страна на наставниот кадар. Меѓутоа, најчесто децата не ги пријавуваат случаите или само го информираат класниот раководител, прифаќајќи го како нормално таквото однесување од страна на наставникот, што исто така е потврдено и на средбите со децата избрани за правобранители во основните и средните училишта во Битола, Прилеп, Охрид, Гостивар,Струга, Кавадарци, Дебар, Тетово, Куманово и Штип[293]. Народниот правобранител го следел и остварувањето на правата на децата на улица.

Политиките и активностите на надлежните за време на бегалска криза ја отсликаа немоќта на институциите да менаџираат и координираат преку целосно почитување на меѓународните обврски за обезбедување соодветна евиденција и регистрација, хуман и достоинствен третман на децата како посебна ранлива група, вклучително и непридружуваните деца, се констатира во извештајот на Омбудсманот.

Согласно Конвенцијата за правата на детето[294], детето има право на највисоко ниво на здравствена и медицинска заштита и рехабилитација, а државата треба да настојува ниедно дете да не биде лишено од правото на соодветна здравствена заштита.

До Народниот правобранител се доставени мал број поединечки поплаки во врска со обезбедувањето и остварувањето на правото на здравствена заштита на детето, но следејќи ги општите состојби по сопствена иницијатива интервенирал за заштита на групи деца кои беа засеганти со одредени здравствени политики на нивна штета, со што им било оневозможено во целост да го остварат правото на соодветна здравствена заштита.

Значителен број претставки биле поднесени од родители и ученици за заштита на правото на основно и средно образование во повеќе училишта, укажувајќи на повреда од страна на наставниот или раководниот кадар на училиштата, поради необезбедени услови за непречено следење на наставата[295].

Првата од социјална заштита подносителите ги остварувале по интервенција на Народниот правобранител пред надлежните центри за социјална работа и Министерството за

---

292 *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2017). Издавач: Народен правобранител, Скопје.

293 *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2018). Издавач: Народен правобранител, Скопје.

294 Усвоена на Генералното собрание на Обединетите Нации со резолуција 44/25, од 20 ноември 1989. Стапила на сила на 2 септември 1990, согласно со членот 49. Наслов на оригиналот: “Convention of the Rights of the Child”.

295 *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2017) Издавач: Народен правобранител, Скопје. Стр. 66 – 68.

труд и социјална политика, а во однос на правото на образование и интервенирањето за обезбедување на бесплатен превоз на деца со посебни потреби со придружник, истото се прифаќа во случаи кога биле исполнети законските услови. Народниот правобранител во сите случаи до училиштата и општините упатувал укажување за почитување на Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби и Законот за основното образование.

Народниот правобранител преку Одделението за заштита на правата на детето и лица со попреченост во текот на 2017 година постапувал по поднесени претставки од деца, членови на семејства и други блиски роднини на детето. Истовремено, постапувал и по барања на граѓански организации за заштита на правата на детето, а поради согледување на повреда на права на поголема група деца/лица со попреченост, по сопствена иницијатива отворил постапки во 12 случаи[296].

Неспорна е констатацијата за инволвирање и злоупотреба на ученици, од страна на одговорни лица во средните училишта, со нивно вклучување на протести за време на настава. Истовремено, загрижува податокот дека во државата постојат нерегистрирани форми за згрижување на деца, во кои се практикуваат верски обреди и ритуали спротивно на Уставот, Законот за заштита на децата и Конвенцијата за правата на детето.

Од друга страна, се уште има училишта кои практикуваат поделби на децата и нивно сегрегирање по етничка основа, како и институции кои навидум, почитувајќи ги традициите на определен етникум замижуваат пред фактот дека малолетници стапуваат во вонбрачни заедници, со што наместо да го штитат најдобриот интерес на детето им ги повредуваат правата.

Не се забележува напредок во однос на остварување и заштита на правата на децата/ лица со попреченост во ниту една од областите, посебно во образованието каде што неспорно е констатирано дека и во средното образование инклузијата на децата и младите со попреченост е површна и далеку од реална имплементација.

Институционалната форма на згрижување на децата без родители и родителска грижа не обезбедува целосна и соодветна заштита, ниту пак придонесува детето да се чувствува и расте како другите деца кои растат во семејство. Покрај наведеното се уште е присутен проблемот на пристап до права и ефикасна заштита за децата чие раѓање не е запишано во матичната книга на родените, со што овие деца се под постојан ризик од секаков аспект. За децата кои употребуваат дрога и други психотропни супстанции државата нема воспоставено систем за рано откривање и превенирање, нема протоколи за соодветно лекување, ниту посебен медицински центар за третман на деца кои употребуваат дрога[297].

За 2016 година, од извештаите на омбудсманот може да се констатира дека нема значителен напредок во однос на ефикасноста на центрите за социјална работа за следење на вршењето на родителското право и реализација на нивните решенија за видување, со што правото на детето да одржува лични односи и контакти со родителот со кого не живее и понатаму првенствено зависи од волјата на родителот со кого живее.

Слично како и за претходната, за 2017 година е утврдена дека меѓуопштинските центри за социјална работа не секогаш постапувалат и честопати не го ни препознаваат најдобриот интерес на детето и неговото право да остварува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее, поради што во голем број случаи правата на децата се повредуваат.

---

[296] *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2018). Издавач: Народен правобранител, Скопје. стр. 57-61.

[297] Види попрецизно: Видоевска, Р. (2014). *Меѓународниот надзор врз имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето:* Европски Универзитет – Република Македонија Скопје, магистерска теза.

Педагошко-психолошките служби во училиштата не секогаш ги преземаат потребните мерки за превенција и заштита на децата од физичко и психичко насилство, вклучително и во случаи кога децата покажуваат одредено антисоцијално однесување.

И следната година зачестени се случаите на несоодветен однос и физичко и психичко насилство врз дете во установите каде ги остварувале своите права (детска градинка, училиште, установи за  згрижување, па и во семејство), а исто така отсуствува волја кај одговорните лица за реално санкционирање на таквото однесување.

Слични констатации се понудени и за двете година во однос на ранливите групи деца.

Ранливите групи во 2016 година - деца на улица, деца упатени во воспитно поправен дом, како и децата кои потекнуваат од семејства бездомници не можеле да ги остварат загарантираните права на соодветен животен стандард, образование, здравствена заштита, домување... со што дополнително биле изложени на ризици од секаков вид.

Децата чие раѓање не е запишано во матичната книга на родени немаат пристап до правото на здравствена заштита, образование, социјална заштита и сл., а при поднесено барање за дополнителен упис во матичната книга на родени се соочуваат со пречки поради отсуство на системско решение, се прецизира во извештајот од 2017 година.

Во двете години, поради реално присуство во државата, омбудсманот ги следел и правата на децата бегалци/мигранти.

Отсуствува квалитетна регистрација и евиденција на непридружуваните деца бегалци/мигранти при нивниот влез и излез од државата, а недоволна е грижата на старателите кои во практиката не секогаш знаеле каде им е штитеникот.

Внимание за анализа заслужуваат и следниве констатации на омбудсманот на Република Македонија[298].

- Појавата на детски (малолетнички) бракови и последиците од тоа се на штета на детето, што алармира на потребата од мултисекторска соработка за итно изнаоѓање на решение за овој проблем.

- Децата, а меѓу нив и тие со посебни потреби со потешкотии го остваруваат правото на образование, здравствена и социјална заштита, а политиките и прописите со кои се уредуваат правата на децата во овие области не се секогаш во нивен најдобар интерес.

- Наместо интеграција и мултикултурни училишта некои директори на основни и средни училишта дозволуваат сегрегација на ученици од ромска етничка заедница.

Втемелено е сознанието дека правото на образование на децата во основните и средните училишта треба да е јасно утврдено и без недоречености. Недоволното познавање на децата за нивните права е причина поради која не ги препознаваат повредите на правата, а и многу малку ги користат механизмите за нивна заштита.

Омбудсманот посочува и на фактот дека отсуствува систем за рано откривање и превенирање од употреба на droги кај децата, а стручните лица кои работат во институциите во чија надлежност е заштита на децата и нивниот најдобар интерес не го препознаваат ризикот од употреба на дроги и други психоактивни супстанции кај децата[299].

Во средните училишта учениците беа злоупотребени за политички цели од страна на одговорни лица во училиштата, но ваквото однесување поминало неказнето.

Во извештајот, омбудсманот издвоил и две констатации за 2017 година:

[298] *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права.* (март 2017). Издавач: Народен правобранител, Скопје. стр. 69 – 73.
[299] *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2018). Издавач: Народен правобранител, Скопје. Стр. 62-63.

- Надлежните министерства немаат целосен преглед на формите на згрижување на деца во претшколска возраст, со што голем е ризикот за секаков вид на злоупотреба на децата, вклучително и верската.

- Нема напредок во остварување на правата на децата и лицата со попреченост и нивната инклузија во општеството. Отсуствува мултидисциплинарен пристап и меѓуресорска соработка за подобрување на пристапот и за остварување на правата на децата и лицата со попреченост во повеќе области.

Препораките на Омбудсманот за 2016 година се движт во насока на преземање мерки за сеопфатна анализа и утврдување на причините за неефикасноста на Меѓуопштинските центри за социјална работа за спроведување на решенијата со кои го уредуваат начинот на видување меѓу дете и родител со кого не живее, а за 2017 подина Министерството за труд и социјална политика во соработка со меѓуопштинските центри за социјална работа и Заводот за социјални дејсности да преземат мерки заради системско решение за непречено и квалитетно остварување на правото на видување на релација дете-родител.

Во однос на насилството, содржината на препораките има цел поголема посветеност на стручните служби и класните раководители за состојбите во нивните одделенија/ класови со цел да се спречи каков било вид на насилство над децата и меѓу децата во училиштата со вклучување на други стручни органи и институции, согласно најдобриот интерес на детето, за 2016 година, додека за 2017 година заложбите се Министерството за образование и наука, Државниот и овластените прос- ветни инспектори, како и социјалната инспекција при Министерството за труд и социјална политика да преземат мерки за позачестени контроли и надзор над работата на образовните и другите установи во кои децата се згрижени или остваруваат право на образование заради превенирање од насилство врз децата, како и мерки за соодветно санкционирање на сторителите[300];

Се смета дека е неопходно преземање  итни и неодложни мерки заради обезбедување непречен пристап и остварување на правата на децата загарантирани со Конвенцијата за правата на детето, почитувајќи го правото на живот и соодветен животен стандард, со што ќе се создадат реални услови за квалитетен живот на децата како припадници на ранливи и маргинализирани групи, а истовремено Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика да преземат мерки за соодветна измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка и Законот за матична евиденција во делот на запишување на лице, согласно прифатената иницијатива на Народниот правобранител;

Врз основа на утврдените состојби, се препорачува поголема и квалитетна регистрација и евиденција на непридружуваните деца бегалци/мигранти, како и сеопфатна грижа на старателите и другите органи за обезбедување на услови за остварување на нивните права и интереси.

Заради превентивно дејствување, но и спречување на натамошно проширување на појавата на малолетничките (детски) бракови, потребно е надлежните министерства да пристапат кон измена и дополнување на Законот за семејството, Кривичниот законик и Законот за средното образование.

За клучни прашања од остварувањето на правата на децата, потребно е да се превземат следниве активности[301]:

- Надлежните органи од централно и локално ниво во заедничка соработка да преземат мерки за спроведување на образовни политики со почитување на мултикултурната димензија во сите нивоа на образование, со што ќе се спречи евентуалниот одлив на ученици од едно во друго

[300] *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2017). Издавач: Народен правобранител, Скопје. Стр. 73 -75.
[301] *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2018). Издавач: Народен правобранител, Скопје, Стр. 64 -65.

училиште, како и формирање на етнички чисти паралелки во образовните установи, посебно за учениците од ромската заедница.

- Да се преземат мерки со цел проширување на постојните и воведување на нови содржини во учебниците во кои се изучуваат правата и обврските на децата и механизмите за заштита, како и поголемо вклучување на децата во процесите на одлучување за прашања кои ги засегаат децата и нивните права во училиштата;

- Зајакнување и надградба на системот за превенција и заштита од дроги и други психотропни супстанции со посебен акцент за заштита на децата, со соодветна и континуирана едукација и обука на стручните лица во институциите, заради препознавање на употреба на дрогата и друг вид  психоактивни супстанци кај децата, како донесување  посебен протокол за третман и лекување на деца корисници.

- Потребно е да се хармонизира и усогласи регулативата во образованието на децата со посебни потреби со Конвенцијата за правата на детето и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост  и  да се измени и дополни Законот за основното образование во кој попреченоста нема да биде основа за дискриминација, и да се дефинира инклузијата како дел од редовното образование, заради еднаков третман на децата со посебни потреби.

- Целосна примена на законските одредби за забрана на злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување во образовни и други установи за деца, а во тој контекст и санкционирање на таквото однесување.

- Владата, односно Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство да преземат итни мерки за усогласување на националното законодавство со меѓународните конвенции за децата и лица со попреченост, заради олеснување на пристапноста и достапноста во остварувањето на правата на овие граѓани во сите области.

## 3. Заклучок

Во Република Македонија постои соодветна уставна и законска основа за идентификација, заштита и унапредување на правата на детето, дотолку повеќе што нашата држава ја ратификува Меѓународната Конвенција за правата на детето, усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации од 20 ноември 1989 година.

Народниот правобранител (омбудсманот) на Република Македонија во изминатите години посветувал посебно внимание на заштитата и унапредувањето на правата на децата во државата, што се констатира и во анализираните годишни извештаи за неговата работа во текот на 2016 и 2017 година, со обемен, аналитичен и конкретизиран пристап.

И во двата извештаи се изнесени остварувањата на правата на детето во семејството, за постоењето на насилството врз децата и меѓу децата, за правата на децата кои припаѓаат на ранливи и маргинизирани групи односно за деца кои се бегалци / мигранти, правата на децата во областите здравствена заштита и образование и за правата на децата со посебни потреби.

Компаративното согледување на двата извештаи говори дека и во двете години се појавуваат слични потешкотии во остварувањето на правата на детето, како што се спречување на родителското право кај децата кои живеат кај еден од родителите, дека е често насилството врз децата и оти се недоволни мерките што во училиштата ги превземаат стручните служби и класните раководители, не се плодотворни активностите спрема децата кои се ранливи или маргинализирани, не се води евиденција за децата бегалци / мигранти кои се наоѓаат без придружба, потао дека децата не се известени за своите права и за механизмите заради остварување и почитување на нивните права.

Омбудсманот предлага редица мерки кои треба да се превземат во рамките на надлежните органи, како што се центрите за социјална работа, училиштата од основно и средно

образование, министерствата и законодавна активност, а со кои ќе се создадат услови за поцелосно остварување на правата на децата, за нивна информираност за правата што им припаѓаат и начините на кои можат да ги заштитат, како и за надминување на појавните облици на дискриминација.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


[1]. *Анализа на имплементацијата на Конвенцијата на правата на детето во законодавството и праксата во Република Македонија*. (2006/2007). Хелсиншки Комитет за човекови права.

[2]. Видоевска, Р. (2014). *Меѓународниот надзор врз имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето*: Европски Универзитет – Република Македонија Скопје, магистерска теза.

[3]. *Годишен извештај за стапенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2017). Издавач: Народен правобранител, Скопје.

[4]. *Годишен извештај за стапенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права*. (март 2018). Издавач: Народен правобранител, Скопје.

[5]. Данаилов, Ф. Љ. (2005). *Меѓународно право за правата на човекот.* Издавач: Магор, Скопје.

[6]. Јанкуловски, З. (2009). *Меѓународни човекови права*: Европа- 92, Сопје.

[7]. Кадриу, Б. (2007). *Начело на недискриминацција во меѓународното право:* Тринга Десинг, Тетово.

[8]. Катру, З. (2007). *Елементи на меѓународната заштита на правата на човекот*: Фон Универзитет, Скопје.

[9]. Прва детска амбасада во светот Меѓаши. (2010). *Перцепција на правата, дискриминацијата и насилството врз децата:* Проект финансиран од ЕУ – Градење култура на детско учество.

[10]. УНИЦЕФ. (февруари, 2008). *Децата во ПЈР Македонија, Анализа на состојбата.*